Врз основа на член 22, став 1 точка 13 и став 3 од Законот за Локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 03/09,18/10 ,15/14,15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес.

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.11.2023 година донесе

# П Р О Г Р А М А
## за активностите на Општина Велес во областа на информатичката технологија во 2024 година

### I. Цели

Активностите во програмата на Општина Велес во областа на информатичката технологија (ИТ), во текот на 2024 година ќе бидат насочени кон обезбедување на континуитет во работата и надградба на Информатичкиот систем, остварување на целите дефинирани во рамки стратешките документи, планирање и усогласување со националните стратегии за ИКТ.

Стратешките цели се дефинирани во неколку приоритетни области, од кои најважни се:

- намалување на трошоците во работењето;
- подобрување на квалитетот на услугите.

Главните активности кои треба да придонесат за остварување на стратешките цели се поделени во неколку сегменти:

- континуирано одржување на целокупната оперативност на информатичко - комуникацискиот систем на општината;
- постојано модернизирање на хардверската инфраструктура и примена на современи алатки за подобрување на тековното работење;
- создавање на услови и креирање на еднонасочни и двонасочни услуги за граѓаните базирани на примена на светските стандарди во оваа област.

### II. Активности

Проектните активности се во согласност со законските норми и прописи, националните ИКТ стратегии и локалните развојни стратегии. Во реализацијата на проектните активности искористено е стекнатото искуство на општината во областа на ИКТ.

Дел од проектите, вклучуваат:

| | Активности на Општина Велес за 2024 година | |
|---|---|---|
| | **НАЗИВ** | **Предвидени средства** |
| **ЕА** | **Набавка на софтвер и хардвер** | |
| 1. | Набавка на информартичка опрема (компјутери, сервери, принтери, мрежна опрема,) | 700.000 |
| 2. | Набавка на софтвер и лиценци (Office / SQL/ VEEAM) | 300.000 |
| 3. | Набавка на систем за гласање за советот на Општина Велес (софтвер и хардвер) | 1.500.000 |
| **Е0** | **Тековно одржување** | |
| 1. | Тековно одржување или надградби на хардвер и системски софтвер (Server, Exchange, SQL, ISS) | 700.000 |
| 2. | Тековно одржување на принтери и докуп на гарации | 200.000 |
| 3. | Тековно одржување на агрегат | 150.000 |
| 4. | Трошоци за одржување на апликации од трети лица, хостирање и хостирани услуги (gohost / marnet / edusoft / mbs / foxit …) | 600.000 |
| 5. | Набавка на ГИС услуги за Општина Велес | 800.000 |
| | **Вкупно** | **4.950.000** |

**III. Финансирање**

Предвидените проектни активности во рамки на оваа Програма во вкупна вредност од **4.950.000,00** ден. ќе бидат финансирани од средствата на Буџетот на Општина Велес за 2024 година.

**IV. Завршни одредби**

Комисијата за финансирање, буџет и ЛЕР го следи реализирањето на предвидените активности во рамки на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Велес” и ќе биде дадена на јавна расправа.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков

Број 25-4676/16
15.11.2023 година
Велес